СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
НА ОПШТИНА ОХРИД

| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>30.05.2011 год.<br>БРОЈ 5 ГОДИНА 46 | |
|---|---|---|

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08 - 1764/3**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „БИЛЈАНИНИ ИЗВОРИ “ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2011 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ УСВОЈУВА** Извештајот од работењето на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07 -1764/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „НИСКОГРАДБА ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01. ДО 31.03.2011 ГОДИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) член 18 од Статутот на општина Охрид „Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈП „НИСКОГРАДБА-ОХРИД“ ОХРИД ЗА ПЕРИОДОТ ОД 01.01-31.03.2011 ГОД.**

**Член 1**

**СЕ усвојува** Извештајот од работењето на ЈП „Нискоградба-Охрид“ Охрид за периодот од 01.01.-31.03.2011 год.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на Советот на општината што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/5** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 1 од Законот за дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на пратениците на Собранието на РМ и другите избрани и именувани лица во Републиката („Сл.весник на РМ“ бр. 121/07), член 1 алинеа 4 од Законот за изменување и дополнување на Законот за плата и другите надоместоци на избрани и именувани лица во Република Македонија („Сл.весник на РМ“ бр. 121/07) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА МЕСЕЧНИОТ НАДОМЕСТОК НА ЧЛЕНОВИТЕ НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНАТА

**Член 1**

На членовите на Советот на општина Охрид им припаѓа месечен надоместок за присуство на седниците на советот и надоместок на патните и дневните трошоци.

Средствата за исплата на надоместоците од ставот 1 на овај член ќе се обезбедат од буџетот на општината.

**Член 2**

Месечниот надоместок на членовите на советот за присуство на седници на советот се утврдува на 70% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година .

**Член 3**

На претседателот на Советот за раководење и организирање на работата на советот , надоместокот од членот 2 се зголемува за 30% .

**Член 4**

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се исплатува за присуство на сите седници на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот се намалува за 30% за секое отсуство од седница на советот.

Месечниот надоместок за присуство на седниците на советот не се исплатува доколку членот на советот не присуствувал на ниту една седница на советот во тековниот месец.

Месечниот надоместок за присуство на седниците не се исплатува доколку советот во тековниот месец не одржал седница.

**Член 5**

На членовите на советот им се исплатуваат надоместоци за патни, дневни трошоци за службени патувања во земјата и странство според прописите кои се однесуваат на државните службеници вработени во општинската администрација.

**Член 6**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на советот на општината бр. 07-2576/10 од 06.12.2007 год. и Одлуката за измена на одлуката за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на Советот на општината бр.07-145/12 од 29.01.2009 год..

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/5**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/6**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 22 и 36 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр. 5/02), и член 18 од Статутот на Општина Охрид („Сл. гласник на општина Охрид“ бр. 8/07) и член 21 од Законот за угостителска дејност („Сл.весник на РМ“ бр. 62/2004) и член 2 од Законот за изменување и дополнување на Законот за угостителска дејност ( „ Службен весник на РМ бр.53/11), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, ја донесе следната:

**ОДЛУКА**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА ДОБИВАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА ЗА ВРШЕЊЕ НА УГОСТИТЕЛСКА ДЕЈНОСТ**

**Член 1**

Со оваа одлука се утврдува висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност во ноќен бар, кабаре, дискоклуб и дискоклуб на отворен простор.

**Член 2**

Висината на надоместокот за добивање лиценца за:

-кабаре-износ од 2.500 евра во денарска противвредност;

-ноќен бар-износ од 7.000 евра во денарска противвредност;

-дискоклуб и дискоклуб на отворен простор износ од 10.000 евра во денарска противредност.

**Член 3**

Надоместокот од член 2 на оваа одлука угостителите се должни да го уплатат 50% на сметка на Општината, а 50% се уплатува во Буџетот на Република Македонија.

**Член 4**

Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност бр.07-2488/05 од 12.10.2005 год. и Одлуката за изменување на одлуката за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност бр.07-1097/4 од 31.05.2007 год.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ОПШТИНА ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/7** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 115 од Статутот на општина Охрид ( Сл. гласник на општина Охрид бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год. донесе

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Статутот на општина Охрид**

**Член 1**

Во членот 42 од Статутот на општина Охрид во став 1 се додава нова алинеа 12- **Комисија за млади и спорт.**

**Член 2**

По член 53 се додава нов член 53-а кој гласи:

„**Комисијата за млади и спорт** разгледува прашања, за развојот и рекреативните активности на младите, за културни активности, ќе биде важна карика во процесите на донесување на политики према младите, а посебно во областа на проверка и бранење на интересите на младите , во развојот на масовниот спорт и организирање на спортски приредби и манифестации.“

**Член 3**

Во член 48 по зборот „**културата**“ , се брише зборот „**спортот**“.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во “Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/7**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД СО ГРАДОТ КРАКОВ ПОЛСКА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за збратимување на градот Охрид со градот Краков Полска , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/8**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 62 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и врз основа на чл.18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2010 год. донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА ЗБРАТИМУВАЊЕ НА ГРАДОТ ОХРИД СО ГРАДОТ КРАКОВ-ПОЛСКА

**Член 1**

Градот Охрид се збратимува со градот Краков-Полска

**Член 2**

Се овластува градоначалникот Александар Петрески да го потпише актот за збратимување на градовите.

**Член 3**

Видот и начинот на соработката помеѓу збратимените градови од член 1 на оваа одлука ќе се утврди со посебен протокол.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Сл.гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/8**
**26 .05.2010 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ НА ЧЛЕН ОД УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за разрешување за член од училишен одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/9**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година донесе:

## О Д Л У К А
### ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ЧЛЕН ОД УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД

**Член 1**

Се разрешува член од Училишниот одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид :

**ИРЕНА НИКОЛОСКА**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07- 1764/9**
**26.05.2011 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

## З А К Л У Ч О К
### ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УЧИЛИШЕН ОДБОР НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за именување член во училишен одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/10**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа и член 18 став 1 точка 5 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН ВО УЧИЛИШНИОТ ОДБОР НА ОМУ „МЕТОДИ ПАТЧЕ“ ОХРИД**

**Член 1**

Се именува член во Училишниот одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид :

- **БОБИ СПИРОСКИ**

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 07-1764/10**
**26.05.2011 година**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 17, УРБАН БЛОК 17.2 ОПФАТ 1, 2009-2014 ОПШТИНА**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлуката за донесување детален урбанистички план за Урбана заедница 17, Урбан блок 17.2 опфат 1, 2009-2014 општина Охрид, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08 - 1764/11**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 18/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 17 УРБАН БЛОК 17.2 ОПФАТ 1 2009 – 2014 ОПШТИНА ОХРИД**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Детален урбанистички план за Урбана заедница 17 , Урбан блок 17.2 опфат 1 2009-2014 год. општина Охрид .

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 19,50 ha.

Просторот на планскиот опфат по деталниот урбанистички план за Урбана заедница 17 , Урбан блок 17.2 опфат 1 2009-2014 год. општина Охрид е опфат на границите:

**„Бул.АСНОМ“, ул.Партизанска, Канал „Студенчишта“, Бул. Туристичка и Булевар Св.Наум Охридски .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 17 , Урбан блок 17.2 опфат 1 2009-2014 год. општина Охрид, изработен од „ИН-ПУМА“ -Скопје со технички број 84-2009, и содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 17 , Урбан блок 17.2 опфат 1 2009-2014 год. општина Охрид се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 17 , Урбан блок 17.2 опфат 1 2009-2014 год. општина Охрид, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1764/11**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКА ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2, ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.1 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донесување детален урбанистичка план за Урбана заедница 2, дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08 - 1764/12**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 18/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.1 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Детален урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 .

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 3,45 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2, дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год е опфат на границите:

**ул. Кеј Маршал Тито, ул. Јане Сандански, ул. Партизанска и ул. Први мај .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид.2010 -2015 год. , изработен од „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“-доо Гостивар со технички број 48/09 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010 -2015 год.се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год., се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам заштита на животна средина.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 1764/12** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**

**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНТИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.4 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010-2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донесување детален урбантистички план за Урбана заедница 2 дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/13**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 18/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 2 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 2.4 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010 - 2015**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Детален урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид **2010-2015 .**

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 1,00 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2, дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год. е опфат на границите:

**ул. Кеј Маршал Тито, ул. 8-ми март ул. Партизанска, ул.Славеј планина и по катастарски парцели .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 год. , изработен од „ПОЛОГПРОЕКТ-ПРО“-доо Гостивар со технички број 49/10 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 2 , дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам и заштита на животна средина.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден, од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1764/13** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНТИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 8 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 8.1 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010 - 2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донесување детален урбантистички план за Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 - 2015 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/14** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 18/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ДЕЛ ОД БЛОК 8.1 ОПФАТ 2 ОПШТИНА ОХРИД 2010 – 2015 ГОД.**

**Член 1**

Се донесува Детален урбанистички план за дел од блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 год.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 6,85 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за дел од блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 год е опфат на границите:

**„Бул. Туристичка“, „АСНОМ “, ул. „Никола Карев“ и Новопроектирана улица 2 .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 год , изработен од „ПОЛОГПРОЕКТ – ПРО“ доо Гостивар со технички број 04/09 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 год, се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за дел од блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 год, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам, заштита на животна средина и комунален развој.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 1764/14** **СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Претседател,**
**О х р и д** **Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНТИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 10 УРБАН БЛОК 10.4 И УРБАНА ЗАЕДНИЦА 11 УРБАН БЛОК 11.1 ОПШТИНА ОХРИД 2011 -2016**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за донесување детален урбантистички план за Урбана заедница 10 Урбан блок 10.4 и Урбана заедница 11 урбан блок 11.1 општина Охрид 2011 -2016 , што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/15** **ОПШТИНА ОХРИД**
**26.05.2011 год.** **Градоначалник,**
**О х р и д** **Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22 и 25 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен весник на РМ бр. 18/11) и член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА ДОНЕСУВАЊЕ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 10 УРБАН БЛОК 10.4 И УРБАНА ЗАЕДНИЦА 11 УРБАН БЛОК 11.1 ОПШТИНА ОХРИД 2011-2016**

**Член 1**

**СЕ ДОНЕСУВА** Детален урбанистички план за Урбана заедница 10 , Урбан блок 10.4 и Урбана заедница 11 Урбан блок 11.1 општина Охрид 2011- 2016 год.

**Член 2**

Со овој урбанистички план се опфаќа простор со површина од 27,50 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 10 , Урбан блок 10.4 и Урбана азаедница 11 Урбан блок 11.1 општина Охрид 2011- 2016 е опфат на границите:

**ул. Прва македонска ударна бригада, Железничка,7-ми Ноември и Питу Гули .**

**Член 3**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 10 , Урбан блок 10.4 и Урбана азаедница 11 Урбан блок 11.1 општина Охрид 2011- 2016, изработен од „ЗУАС“-Скопје со технички број 1605/08 содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 10 , Урбан блок 10.4 и Урбана азаедница 11 Урбан блок 11.1 општина Охрид 2011- 2016 се заверува со потпис и печат на претседателот на Советот на општина Охрид

**Член 5**

Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 10 , Урбан блок 10.4 и Урбана азаедница 11 Урбан блок 11.1 општина Охрид 2011- 2016, се чува , следи и реализира во Секторот за урбанизам и заштита на животна средина.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07- 1764/15**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07), Градоначалникот на општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДУП ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 13.4 ОПФАТ 1 (ЖЕЛЕЗНИЧКА) ОПШТИНА ОХРИД 2010 – 2015**

**СЕ ПРОГЛАСУВА,** Одлука за утврдување Нацрт ДУП за Урбана заедница 13 дел од Урбан блок 13.4 опфат 1 (Железничка) општина Охрид 2010 – 2015, што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 год.

**Број 08- 1764/16**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**ОПШТИНА ОХРИД**
**Градоначалник,**
**Александар Петрески,с.р**

Врз основа на член 11, 22, 24 и 26 став 5 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр. 60/11) и врз основа на член 18 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр. 8/07), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 26.05.2011 година, донесе:

**О Д Л У К А**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ НАЦРТ ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА УРБАНА ЗАЕДНИЦА 13 ДЕЛ ОД УРБАН БЛОК 13.4 ОПФАТ 1– (ЖЕЛЕЗНИЧКА) ОПШТИНА ОХРИД 2010 -2015**

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт детален урбанистички план за урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015

**Член 2**

Со овој Нацрт детален план се опфаќа простор со површина од 1,70 ha.

Просторот на планскиот опфат по Деталниот урбанистички план за Урбана заедница 13 , дел од урбан блок 13.4 опфат 1 - општина Охрид 2010-2015 е опфат на границите:

**„Железничка, Прилепска, по катастарски парцели .**

**Член 3**

Нацрт деталниот урбанистички план за урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015 со тех. бр. 06/07 изработен од „УРБАН“ доо Охрид содржи:

- планиран развој – текстуален дел и графички прилог;
- документациона основа со текстуален дел и графички прилози.

**Член 4**

Градоначалникот ќе организира јавна презентација и јавна анкета по Нацрт деталниот урбанистички план за урбана заедница 13, дел од урбан блок 13.4 опфат 1 – Општина Охрид 2010-2015 .

**Член 5**

Јавната презентација и јавната анкета за планот од член 4 на оваа Одлука ќе се спроведе со излагање на планот на јавно место – Општина Охрид.

Јавната анкета ќе трае 10 работни денови во кој рок заинтересираните граѓани и правни лица од конкретното подрачје опфатено со планот ќе можат да достават забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Бр. 07-1764/16**
**26.05.2011 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател,**
**Душко Јаковчески,с.р**

# С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Билјанини Извори“ Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година. | 2 |
| 2. | Одлука за усвојување на Извештајот од работењето на ЈП „Нискоградба Охрид“ Охрид за периодот од 01.01. до 31.03.2011 година | 3 |
| 3. | Одлука за утврдување на висината на месечниот надоместок на членовите на Советот на општината | 4 |
| 4. | Одлука за утврдување на висината на надоместокот за добивање на лиценца за вршење на угостителска дејност | 5 |
| 5. | Статутарна Одлука за изменување и дополнување на Статут на Општина Охрид | 7 |
| 6. | Одлука за збратимување на градот Охрид со градот Краков Полска | 8 |
| 7. | Одлука за разрешување за член од училишен одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид | 9 |
| 8. | Одлука за именување член во училишен одбор на ОМУ „Методи Патче“ Охрид | 10 |
| 9. | Одлука за донесување деталeн урбанистички план за Урбана заедница 17, Урбан блок 17.2 опфат 1, 2009-2014 општина Охрид | 11 |
| 10. | Одлука за донесување деталeн урбанистичка план за Урбана заедница 2, дел од Урбан блок 2.1 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 | 12 |
| 11. | Одлука за донесување деталeн урбантистички план за Урбана заедница 2 дел од Урбан блок 2.4 опфат 2 општина Охрид 2010-2015 | 14 |
| 12. | Одлука за донесување деталeн урбантистички план за Урбана заедница 8 дел од Урбан блок 8.1 опфат 2 општина Охрид 2010 – 2015 | 15 |

| | | |
|---|---|---|
| **13.** | Одлука за донесување деталец урбантистички план за Урбана заедница 10 Урбан блок 10.4 и Урбана заедница 11 урбан блок 11.1 општина Охрид 2011 -2016 | **17** |
| **14.** | Одлука за утврдување Нацрт ДУП за Урбана заедница 13 дел од Урбан блок 13.4 опфат 1 (Железничка) општина Охрид 2010 – 2015 | **18** |